ФЗОРСМ
FSSHRMV

# Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
# Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

**Број:** 03-7965/2

26.06.2020 **2020 година**

**Скопје**

**До:**
**Македонско здружение за заштита при работа**
**ул. Востаничка бр.2**
**Скопје**

**Предмет: Одговор на барање**

**Врска: Допис бр. 03-7965/1 од 15.06.2020 година**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис бр. 0302/32 од 15.05.2020 година, заведен под наш бр. 03-7965/1 од 15.06.2020 година, со барате од Фондот да Ви даде мислење во врска со повреда при работа од дома во текот на распоред на работното време согласно налогот за работа или договорот за работа помеѓу работодавецот и работникот, дали истата ќе се третира како повреда на работа согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Ве известуваме за следното:

Согласно член 18 став 3 од Законот за здравственото осигурување, во случај кога привремената спреченост за работа поради повреда на работа настанала како последица од необезбедувањето на мерките утврдени со прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа од страна на работодавачот, надоместокот на плата за целиот период на привремената спреченост на работа настаната како последица од необезбедувањето на мерките утврдени со прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа од страна на работодавачот е на товар на работодавачот, согласно прописите од областа на работните односи.

Според член 39 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, како повреда на работа, во смисла на овој закон, се смета повредата на осигуреникот причинета со непосредно и краткотрајно механичко, физичко или хемиско дејство, како и повредата причинета со нагли ромени на положбата на телото, ненајдено оптоварување на телото или со други промени на физиолошката состојба на организмот, ако таквата повреда причинско е врзана со вршењето на работното место.

Според став 2 од истиот член, како повреда при работа се смета и повредата причинета на начинот од ставот 1 на овој член, што осигуреникот ќе ја претрпи на редовниот пат од станот до местото на работа или обратно, на патот преземен заради извршување на работни задачи и на патот преземен заради стапување на работа, доаѓање на работа или отсуство прекинати по налог на работодавец, како и користење право на професионална рехабилитација, според овој закон.

Како повреда на работа според став 3 на овој член, се смета и заболувањето на осигуреникот што настанало непосредно и како исклучителна последица на некој несреќен случај или виша сила за време на вршењето на работата или во врска со неа.

Согласно став 4 на овој член, како повреда при работа се смета и повредата што ќе ја претрпи осигуреникот во вршењето на работите од членовите 15 и 16 од овој закон.

Со оглед на тоа дека Вашето прашање е специфично и се однесува на повреда која настанала во текот на работењето од дома како дел од превентивните мерки за заштита на вработените од Коронавирусот ( COVID -19) и дали истата може да се третира како повреда на работа, која е регулирана со прописи кои не се во надлежност на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, сметаме дека за веродостен и правилен одговор потребно е да се обратите до надлежното Министерство за труд и социјална политика.

Со почит,

**ВД Директор** | **Директор/Drejtor**
**Миле Сугарев** | **Orhan Ramadani**

Изготвил: м-р. Даниела Јовческа – Ѓуровска
Согласен: Јасмина Смилевска